РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
бр. 09-171/3
13.02.2024 год.
РЕСЕН

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
171/3

# ЗАПИСНИК

**Од јавен увид и консултација со јавноста по Планот за управуваее со Споменикот на природата „Преспанско Езеро" (2024-2033) и по Нацрт-Извештајот за Стратегиска оцена на влијанието на животната средина за Планот за управување со Споменикот на природата „Преспанско Езеро" (2024-2033), Општина Ресен**

Јавниот увид и консултација со јавноста по Планот за управување со Споменикот на природата „Преспанско Езеро" (2024-2033) и по Нацрт-Извештајот за Стратегиска оцена на влијанието на животната средина за Планот за управување со Споменикот на природата "Преспанско Езеро" (2024-2033), се одржа на ден 23.01.2024 година со почеток од 12 часот во големата сала на општина Ресен.

Присутни од општина Ресен беа Градоначалникот Јован Тозиевски, Секретар Зоран Кипревски, Раководител на Сектор за животна средина Ајман Ал малла, Претседател на Совет Ирена Стрезовска Кулуковска и Советниците од Советот на општината. присутни беа и Државниот Секретар во МЖСПП Неби Реџепи, претставниците на Сектор природа и Сектор просторно планирање од Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), проф. д-р Рената Ќуштеровска изработувач на Планот за управување со Преспанско Езеро, Марјан Михајлов експерт за Стратегиска оцена на животната средина, членови на научен Совет, Совет на засегнати страни, МЕД, Национални паркови, образовни, јавни и здравствени институции, приватен сектор, граѓански организации и др.

Јавната расправа ја отвори и водеше Раководителот на Сектор за животна средина од општина Ресен Ајман Ал малла.

После поздравниот говор, Раководител Ајман ал Малла се осврна на запознавање со важноста на Планот за управување со Споменик на природата „Преспанско Езеро" и по Нацрт-Извештајот за Стратегиска оцена на влијанието на животната средина за Планот за управување со Споменикот на природата "Преспанско Езеро" (2024-2033). Преспанското Езеро е заштитено подрачје Споменик на природата со исклучителни регионални, национални и меѓународни вредности, но истовремено е загрозено од природните (климатските промени) и антропогоните влијанија (активностите на човекот). Од тие причини потребно е со Преспанското Езеро плански да се управува. Основните вредности на природните пејсажи, уникатноста и природната убавина на областа, специфичните геоморфолошките, хидробиолошките карактеристики се тие од кои произлегува националното и меѓународното значење во областа на зачувувањето и заштитата на биолошката разновидност.

Врз основа на Законот за прогласување на Преспанското Езеро за Споменик на природата, од април 2011 година со заштитеното подрачје управува општина Ресен како единствен субјект задолжен за вршење на

работите за управување и го изработува Нацрт-Планот за управување со Споменикот на природата Преспанско езеро (2024-2033). Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на животната средина Министерството за животна средина и просторно планирање и субјектот кој управува со заштитеното подрачје се должни да организираат Јавна расправа за Нацрт-Планот за управување со Споменикот на природата „Преспанско езеро" (2024-2033) и по Нацрт-Извештајот за Стратегиска оцена на влијанието на животната средина за Планот за управување со Споменикот на природата "Преспанско Езеро" (2024-2033). Мислењата, предлозите и препораките изнесени на јавната расправа се земаат предвид при изработување на Планот за управување согласно член 101 од Законот за заштита на природата.

Планот за управување започна да се изработува во 2014 година од страна на хрватска консултантска фирма Електропроект, финансиран од Швајцарската агенција за развој. Ревидирањето на Планот за управување е извршено во текот на 2019 година од страна на Експертскиот тим ангажиран во рамките на консултантската фирма со финансиска поддршка од Фондот за природа Преспа Охрид-ПОНТ, преку грант проектот кој општината го спроведува како управувачки субјект со двете заштитени подрачја на територијата на општина Ресен. Изработката на ревидираната верзија на Планот за управување беше директно координирана од страна на Раководителот на Секторот за животна средина при општина Ресен во соработка со претставниците на МЖСПП, МЕД, Хидробиолошки завод Охрид и др. стручни лица и експерти.

Во своето обраќање Раководителот на Секторот за животна средина Ајман Ал малла истакна дека Планот за управување со заштитеното подрачје е изработен согласно одредбите на Законот за прогласување на Преспанското Езеро за Споменик на природата и согласно на тоа е направено зонирањето и дефинирани се мерките на заштита и унапредување на неговите вредности. Планот за управување е со важност од десет години и ја одразува реалната состојба, можностите и заканите со кои се соочува заштитеното подрачје, социо-економските вредности, националното и меѓународното значење како и препораките за управување. Сето тоа е вметнато во Планот за управување.

На крај од обраќањето Раководителот на секторот им се заблагодари на сите тие кои учествуваа во изработката на Планот за управување со Споменикот на природата Преспанско Езеро (2024-2033).

Воведно обраќање имаше и Градоначалникот на општина Ресен Јован Тозиевски кој им се заблагодари на сите кои учествуваа во изработката на овој стратешки документ кој е од исклучително значење за управување со Преспанското Езеро. Планот за управување е битен документ за одржувањето и заштитата на Преспанското Езеро, флората и фауната и негово зачувување. Секоја сугестија, коментар, предлог и мислење е добредојдена. Со донесување на Планот за управување се надева дека ќе може да се имплементираат проектите кои се поврзани со заштитата на Преспанското Езеро.

Државниот Секретар на МЖСПП Неби Реџепи исто така се обрати на присутните и истакна дека се прават значајни напори во исполнувањата на барањата на Европската унија за заштита на природата. МЖСПП во рамките на законската регулатива како и меѓународните документи за заштита на природата континуирано спроведува активности за заштита и зачувување на биолошката разновидност и унапредување на националниот систем на заштитените подрачја. Паралелно со овие процеси се спроведуваат и активности за хармонизирање на националното законодавство и усогласување со ЕУ директивите. Исто така истакна дека МЖСПП има значаен прогрес за валоризација и ревалоризација на природните вредности на заштитените подрачја, прогласување на заштитените подрачја и природни реткости во согласност со Законот за заштита на природата, имплементација на активностите согласно Националната стратегија за заштита на природата со Акциониот план 2017-2027 година и Националната стратегија за биолошка разновидност која беше потврдена на ЕУ скрининг процесот во текот на претходната година.

Преспанското Езеро се карактеризира со голем број на видови и живеалишта кои се од национални и меѓународни значења и се смета за едно од 10-те најзначајни водни живеалишта во Медитеранот и светот. Исто така Преспанското Езеро се смета како едно од најзначајните орнитолошки и значајни растителни подрачја во државата. Преспанското Езеро е Рамсарско место вклучено на листата на Рамсарската конвенција во 1995 година, како и идентификувано Натура подрачје во 2017 година, дел од Унеско прекуграничен биосферен резерват Охрид Преспа од 2014 година. Државниот секретар истакна дека општина Ресен е субјект кој е назначен да управува со Преспанското Езеро, да врши мониторинг, да го спроведува Планот за управување и Годишните програми за заштита на природата. МЖСПП има склучено Рамковен договор со Фондот за природата Охрид-Преспа (ПОНТ) во 2018 година за цел долгорочна поддршка за зајакнување на оперативните трошоци за управување со заштитените подрачја.

Исто така истакна и за загубите на вода, намалувањето на водостојот, зголемувањето на температурата, испарувањето на водата, потребата за наводнување, климатските промени кои влијаат на водостојот на езерото.

Планот за управување се донесува за 10 години и за таа цел се организира оваа јавна расправа која е значајна за квалитетно изработување на Планот за управување и секое мислење, забелешка, коментар е значајна и се заблагодари за учеството на присутните на јавната расправа со цел изработка на квалитетен документ.

На присутните им се обрати и Влатко Трпески Раководител на Сектор за природа при МЖСПП кој се осврна на законската обврска и значењето на донесување на Планот за управување со заштитеното подрачје и напомена дека со организирање на јавната расправа се заокружува процесот на правна заштита, односно општина Ресен како субјект кој управува со заштитеното подрачје ќе има обврска да го штити и да ги применува мерките за заштита на

Преспанското Езеро. Се осврна на Планот за управување, зонирањето кое е извршено во планот и ги повика сите присутни да го разгледаат документот и да дадат свое мислење, забелешка, коментар или сугестија во текот на јавната расправа и во следните 10 дена. Планот за управување е основа за имплементирање на активностите за одржливо управување со заштитеното подрачје Преспанското Езеро.

Проф. д-р Рената Ќуштеревска Раководител на тимот за ревизија на Планот за управување со Споменик на природата Преспанско Езеро се обрати до присутните и истакна дека е битно да се донесе овој стратешки документ и дека со Планот за управување предвидени се мерки со кои ќе се ублажат влијанијата и негативните ефекти врз езерото. Проф. Др. Рената Ќуштеревска го презентира Планот за управување: мерките, активностите, стратегијата за управување и зонирањето на Преспанското Езеро (предлог-зоните во заштитеното подрачје), флората и вегетацијата, програми со потпрограми за управување и сл. Напомена дека се добредојдени сите сугестии во врска со Планот за управување со Преспанското Езеро. Исто така се заблагодари на соработката со општина Ресен, МЖСПП и др. учесници.

Сашко Јорданов Помошник Раководител на Сектор за природа во МЖСПП додаде дека е битно да има ваков стратешки документ за Преспанското Езеро. Претходните години беше направен посебен план за управување со СП ПЕ како пилот подрачје Натура 2000 во рамките на проект финансиран од ЕУ, каде што се обработени исклучиво хабитатите и видовите од европско значење и беа вредни истражувања бидејќи беа пронајдени нови хабитати кои се важни за заштита и управување и беа вклучени во студијата за валоризација. Во моментов МЖСПП преку европски проект за Натура 2000 спроведува истражувања за живеалиштата и видовите, флора и фауна и веќе е идентификувано како подрачје за птици. Истите во иднина ќе бидат дел од Натура 2000 подрачје. Во врска со Планот на управување истакна дека во почетната верзија на изработување на Планот за управување беше даден процент на строга заштита на Преспанското Езеро од 0,75%, но со дополнителни истражувања со експертската јавност моментално зоната за строга заштита и зоната за одржливо управување во Преспанското Езеро е околу 33% од вкупната површина на езерото.

Исто така напомена дека за пет години од донесувањето на Планот за управување ќе се прави негова ревизија и ако има потреба ќе се промени зонирањето. Ова е специфично подрачје и добро би било да се насочат активностите на дозволени и забранети во зоните на заштитеното подрачје.

Согласно законската регулатива истакна дека во рок од 10 дена секој може да достави сугестии, забелешки, коментари и мислења до општина Ресен и во хартиена форма до МЖСПП.

Ајман Ал малла дополни за проектот на Македонското еколошко друштво (МЕД) за мапирање на хабитатите и дека истите податоци беа искористени во изработката на Планот за управување. Исто така напомена дека согласно законската регулатива во изготвувањето на планот од аспект на оценка на

ефиктивноста во управувањето со подрачјето спроведена е METT,V4 алатка за Преспанското Езеро и за Парк на природата Езерани.

Проф. д-р Рената дополни дека не треба да се заборави дека се работеа црвени листи на одредени групи животни и растенија и во планот се обработени истите и се во функција на овој план.

Марјан Михајлов Експерт за оценка на Извештајот за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина за Планот за управување напомена дека се работи долго време и голема е итноста за негово донесување, со цел формално управување со Преспанското Езеро, но и од ефектот на природните и антропогените влијанија, особено во последните години. Документот има простор и правна основа за ревидирање кога е потребно и на одредени периоди и битно е неговото донесување.

Тој истакна дека зоните кои се определени во Планот за управување во ажурирана форма носат одредени импликации и промени кои ќе делуваат на засегнатите страни односно жителите, земјоделците, бизнис секторот. Постапката за стратегиска оцена е начин на партиципативен процес за донесување на овој документ, односно можност да се слушнат мислењата на јавноста и нивно вклучување во процесот на планирањето и донесувањето. Пред неколку години беше спроведена истата постапка, сега со измената и ревидирањето на планот повторно се одржува консултација со јавноста.

Изработувачот на Извештајот за Стратегиска оцена на влијанието на животната средина за Планот за управување со Споменикот на природата "Преспанско Езеро" на кратко се осврна на клучните делови на постапката, односно да се оцени Планот на управување со неговите визии и цели дали е усогласен со целите на други стратешки документи ( Планови за развој, Планови за локален економски развој, Планови за земјоделство итн.) кои се поврзани. Нацрт- извештајот е ажуриран согласно промените во Планот за управување.

Истотака, на кратко се осврна на потребата и можноста на јавноста заблучување во дискусија за времето на јавната расправа, но и 10 дена по завршување на расправата секој има можност за достави свои забелешки, мислења, предлози за Планот за управување и Извештајот до општина Ресен и МЖСПП.

Во врска со Извештајот напомена дека ќе се обврне внимание на промените кои се направени во претходниот Извештај. Истите влијаат и ветуваат имплементација на планот, особено во делот на регионалното (прекугранично) управување со водите на езерото. Ефектите кои се предвидени во овој план нема да бидат одржливи и реални ако се применуваат само од една страна. Во минатата година, во смисла на (прекуграничното) регионално управување со ПЕ, воспоставувањето на управувачката структура на Преспа Паркот со преставници од трите држави Македонија, Грција, Албанија и ЕУ ветува дека имплементацијата на мерките и активностите во планот ќе има позитивен ефект врз природното богатсво на подрачјето.

Исто така битно е партиципативното управување, широка вклученост во управувањето. Општина Ресен е одговорна за спроведување на Планот за управување, но треба да биде вклучена и локалната заедница со своите активности, односно планот ќе повлече промени односно менување на начините и практиките, методите и сл. ( пример земјоделците како фактор кои се засегнати страни). Планот претставува управувачки модел. Земјоделците се една од клучните засегнати страни која ќе ги сноси обврските и одговорностите и треба да биде вклучена во управувањето со ова подрачје. Многу битно е и менувањето на навиките идентификувани како ризик фактор, односно менување на активности, адаптирање, засегнатите страни треба да работат на менување и подигнување на свеста и приспособување на правилата кои ги носи овој план.

Исто така напомена дека успешното управување со планот ќе зависи и од клучниот ресурс односно водите. Успешното спроведување на овој план директно ќе зависи од управувањето со Планот за прекугранично управување со овој слив.

Исто така посочи дека битно е регионалното управување односно спроведување на мерки од сите страни. Формално Комитетот за управување е формиран и во иднина би требало да има и Акциски план во кој се цртаат визиите и целите на трите земји и можеби во иднина ќе има потреба за ревидирање на Планот за управување со цел негово усогласување со целите и визиите. Битно е и да се обрне внимание и на начинот на спроведување на Планот за управување. Планот е сеопфатен со низа мерки и активности. Успешното спроведување зависи од волјата, капацитетите, средствата (претежно се средства од меѓународни фондови), приоритизација на мерките. Неопходно е, по донесување на Планот за управување да се подготви Акциски план со приоритизација на активностите. Со усвојување на Извештајот за Стратегиска оцена на влијанието на животната средина за Планот за управување со Споменикот на природата "Преспанско Езеро" се донесува и Планот за управување со Споменикот на природата "Преспанско Езеро".

Ајман Ал малла им се заблагодари на сите за претходните излагања. Исто така објасни дека методологијата за планирање и изработка на Планот за управување, особено оперативниот пет годишен план ги има тие најглавни компоненти, а тоа е приоритизација на мерките и активностите, временската рамка и финансиската конструкција. Од аспект на имплементација на самиот план, закононот ни ја дава обврската за изработка на Годишна програма за управување со заштитеното подрачје. Исто така, Рководителот на Сектор за животната средина, напомена дека сите присутни може да дискутираат за Планот за управување.

Влатко Трпески Раководител на Сектор за природа при МЖСПП додаде дека со Планот за управување се поставуваат мерки на заштита и побара накратко да се објасни зонирањето од страна на експертскиот тим.

Проф. д-р Рената Ќуштеревска се заблагодари на предлогот за образложение и одговори дека има три зони и заштитен појас.

**Зона 1 – строга заштита** опфаќа 15 % и опфатени се девет сегменти и тоа во подрачјето околу Езерани, кон Албанија, кон Грција, кон НП Галичица и островот Голем град и е со највисоки конзервациски вредности. Во островот Голем град оставена е една патека која е вклучена во зоната за одржливо користење. Влијанието на човечки фактор е минимално и не е неопходно. Главна цел е да се зачуваат природните вредности и природните процеси. Во оваа зона се вклучени исклучителни, посебни и уникатни вредности. Оваа зона може да се користи само за научно- истражувачки цели.

**Зона 2- активно управување** 17 % и опфатени се шест сегменти и ја опфаќа територијата која во минатото имала голема природна вредност и во оваа зона се потребни дополнителни активности на човекот заради заштита и конзервација. Накратко, има два приоритетни хабитати, едниот се наоѓа на песочница, другиот е шумски, и потребни се одредени реставрациски активности за рехабилитирање на живеалиштата, еко системи и други елементи на овој предел.

**Зона 3- одржливо користење** со скоро 67 % и има намена на зачувување на подрачјата со пониски вредности. Оваа зона се управува заради други причини што се важни за зачувување на заштитеното подрачје како целина. Оваа зона опфаќа околу 11000 хектари.

Ајман Ал малла се заблагодари и се обрати на присутните за дополнителни прашања и дискусии.

За збор се јави Томе Петковски претставник од Ароплод ДОО кој ја поздрави изработката и конечното донесување на Планот за управување и постави прашање во однос на податоците земени во процесот на изработка на Планот за управување со СП ПЕ и тоа дали беа земени предвид и податоците од Планот за ПП Езерани, бидејќи и таму имаше строго дефинирани зони? Недостаток за одржливо управување со Преспа е висинската кота и делот на овозможување и изградба на сместувачки капацитети. Агроплод ДОО има поднесено иницијативи за туристички планови и проекти. Дали со предвиденото зонирање ќе овозможи одржлив економски развој на засегнатите страни?

Во однос на земјоделците, воспоставени се иригациони системи кои не се споредливи со податоците кои порано влијаеа врз водите,бидејќи тие се најефективните и најефикасните системи.

И дали документот Preparation development phase од Џефри Грифин во кој се вметнати мерки и активности ќе има и нивна измена?

Проф. д-р Рената одговори дека земена е предвид реалната состојба на езерото и потребите на жителите кои живеат. Зоната со строга заштита нема да има влијание на функционирањето на жителите и засегнатите страни. Во зоната за активно управување направени се одредени влезни делови за рибари, земјоделци односно зони за одржливо користење. Зоните се предефинирани за да не бидат на штета на функционирањето на сите засегнати страни.

Во однос на тоа дали се земени предвид Зонирањата на ПП Езерани Ајман Ал малла одговори дека во самата визија на Планот за управување се социо-економските вредности, односно за нивно искористување на најдобар начин за да се добие бенефитот на локалното население.

Во однос на податоците, во 2022 година заедно со Градоначалникот и претставниците од МЖСПП присуствувавме на првиот состанок во Грција на Комитетот за управување Преспа Паркот. Во изработката на Планот за управување се користеа најновите податоци од спроведените проекти и активностите. Во текот на минатата година беше планирано да се одржи вториот состанок на Комитетот за управување со Преспа Паркот во општина Ресен, но од одредени оправдани причини не се одложи.

Што се однесува на Акциониот план од 2005 година, кој е преведен на македонски јазик, има потреба од негово ревидирање бидејќи податоците се од поодамна. Реведирањето на Акцискиот план од 2005 година е во тек.

Во однос на одржувањето на водите во Преспанското Езеро, во 2020 година на Јавната трибина што беше одржана за состојбата на Преспанското Езеро го наведов податокот дали ние како земјоделско подрачје треба да 8700 $м^3$ вода на 1 хектар да има потрошувачка на вода по сезона или одржливо да управуваме со водите и да трошиме согласно FAO анализата 3700 $м^3$ по 1 хектар по сезона. Не се управува одржливо со водите во Преспанското Езеро, во однос на процентот на климатските промени и антропогеното влијание соодносот е 55 % со 45 % и таа состојба е неодржлива. Како член на работната група за управување со води ние мораме и прекугранично одржливо да управуваме со водите на Преспанското Езеро. Мора да има добри практики во земјоделието, системот капка по капка за наводнување на земјоделските насади не се применува правилно бидејќи има системи кои се користат цело време 24/7. Добрите практики во земјоделието не го вклучуваат само системот капка по капка, туку има еден сет на мерки. Во анализата што беше направена во времето на изработката на планот, каде што беа вклучени сите засегнати страни, беа земени и разработени мерки и активности од Акцискиот план за спасување на Преспанското Езеро од 2020 година.

Во тек е постапка за изработка на нов Просторен План на РСМ во кој една од компонентите е и компонентата за одржлив економски развој и го повика Државниот Секретар да се произнесе во врска со тоа.

Државниот секретар Неби Реџепи потврди дека во тек е изработка на нов Просторен План кој претставува највисок стратешки развоен документ на државата. Постапката е започната во 2016 година и моментално е во фаза на изработка на експертските студии кои ги опфаќаат дваесеттина области од кои една е и заштита на животната средина. Беше организирана Јавна презентација во сите центри за развој на регионите која беше од отворен карактер и секој можеше да допринесе со свое мислења и забелешки. Општините како и граѓаните можат да дадат придонес во изработката на експертските студии, министерството е отворено за соработка и секое мислење е добредојдено.

Марјан Михајлов се надоврза на дискусијата дека целосната информираност, едукација и подигнување на јавната свест на засегнатите страни (угостители, земјоделци, рибари) е прирортитет за успешна импликација на Планот за управување.

Горан Стефановски претставник од АПЗРР праша дали овие мерки од Планот за управување ќе се имплементираат во трите спседни држави?

Марјан Михајлов одговори дека доколку не се применуваат од сите три држави мерките нема да бидат комплетни.

Државниот секретар Неби Реџепи се надоврза на одговорот и напомена дека во 2020 година кога беше доставен Извештајот за стратегиска оцена за влијанието на животната средина за Планот за управување, согласно законската регулатива, МЖСПП ги информира и соседните држави. Но, не прифатија да бидат дел од овој процес. Но, доколку ние констатираме како држава дека има нарушување на она што сакаме да го заштитиме и управуваме тогаш се покренува иницијатива за нивно вклучување за нивно активно учество во донесување на овие документи.

Сашко Јорданов напомена дека овие стратешки документи се согласно законската регулатива и битно е нивно донесување и е основа за учество во меѓународни проекти и донации.

Ајман ал малла истакна дека на состанокот во Грција се донесоа девет заклучоци, една од најглавните беше формирање на база на податоци и информирање на сите засегнати страни во трите држави.

Градоначалникот Јован Тозиевски во врска со состанокот кој требаше да се организира во текот на 2023 година истакна дека одложувањето на состанокот беше од страна на Грција.

Накрај, Ајман Ал малла се заблагодари на сите присутни и уште еднаш ги информира дека се уште има можност за доставување на коментари, мислења и забелешки во текот на следните десет дена односно до 05.02.2024 година.

Планот за управување со Споменикот на природата Преспанско Езеро (2024-2033) и Нацрт-Извештајот за Стратегиска оцена на влијанието на животната средина за Планот за управување со Споменикот на природата “Преспанско Езеро“ (2024-2033) е поставен на веб страните на општина Ресен и МЖСПП.

Јавниот увид и консултација со јавноста заврши во 14.20 часот.

Изработил

м-р Кети Чачоровска

Кети